Тони Димков

ЗБИРНО МЕСТО

Книгата е објавена со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Едиција – „Плочка“

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

© Тони Димков, 2025
© Бегемот, 2025

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Тони Димков

ЗБИРНО МЕСТО

ИНТЕРВЈУА И РАЗГОВОРИ



Скопје, 2025

Благодарност до
Слободен печат ДОО Скопје

Вовед

Збирката со интервјуа и разговори „Збирно место“ е природно продолжување на процесот на професионален ангажман при создавањето на содржините на прилогот за култура „Културен печат“ во дневниот весник „Слободен печат“, но и можност авторскиот приод во нивната креација да добие нов формат за читање. Дневното новинарство и хиперпродукцијата на текстови често не оставаат можност за повнимателно читање на понудените содржини и откривање на подлабоките слоеви. Токму затоа книгата „Збирно место“ отвора простор за ново читање на дел од интервјуата и разговорите објавени во „Културен печат“. Селекцијата на насловите и соговорниците е направена врз основа на временска рамка и го опфаќа периодот од 2020 до 2022 година. Имено, станува збор за продолжување на континуитетот на процесот почнат со книгите „Културен печат – интервјуа и разговори“ (2021), „Огледало на живата мисла“ (2022) и „Рефлексии“ (2023). Книгата „Збирно место“ (2025) носи нов пресек на релевантни мислители и творци кои со своето дело оставиле трага во современото уметничко творештво како наследство за идните генерации.

Тони Димков

„Тони Димков е многу повеќе од неуморен новинар во областа на културата и проследувач на современата македонска културна и уметничка сцена во распон од неколку децении, тој е и строг и непристрасен проценувач на вредностите на таа сцена, селектор на најдоброто и хроничар на делата, тенденциите и провокациите. Потфат од особен обем е неговиот ангажман во последниве неколку години преку саботното издание на прилогот за култура ’Културен печат‘ во дневниот весник ’Слободен печат‘, каде што нуди длабински увид во клучните случувања од доменот на сите уметности, но како особено драгоцени се издвојуваат интервјуата што Димков ги води со стожерните протагонисти на културниот живот во земјата“.

проф. д-р Ана Мартиноска
Институт за македонска литература, УКИМ – Скопје

ИНТЕРВЈУА



Археологија на модерноста – Спасе Перовски,
директор на НУ Стоби – Градско

Стоби е златната белегзија на нашата држава

Иницијатива • Големата изложба на дела од македонскиот уметник Петар Хаџи Бошков поставени на археолошкиот локалитет Стоби силно го привлече вниманието на културната јавност, а иницијативата за реализација на проектот е на Спасе Перовски, директор на НУ Стоби – Градско, како дел од долгорочната проектна програма „Стоби – жив град“.

Скулптурите на Петар Хаџи Бошков сместени во магичниот амбиент на археолошкиот локалитет Стоби на 18 септември привлекоа неколку стотини посетители на отворањето на изложбата со наслов „Откривање на иднината: Археологија на модерноста“.

Поставката вклучува четириесетина репрезентативни дела од повеќе творечки фази на Хаџи Бошков, кои опфаќаат четиридецениски период од 1962 до 2004 година. Куратор и автор на концептот за изложбата е Владимир Јанчевски, а ќе биде поставена до 11 октомври. Изложбата на интересен начин овозможува заемно разоткривање и суштинска врска меѓу вредностите на модерната и на антиката. Сите изложени дела авторот ги има зачувано во лична сопственост и ги оставил во наследство на неговото семејство. Овие репрезентативни дела, благодарение на неговиот син Игор Хаџи Бошков, се позајмени и директно од ателјето беа пренесени на локалитетот Стоби.

Во своето обраќање на отворањето на изложбата, министерката за култура Ирена Стефоска, меѓу другото, истакна: „Присуствуваме на редок културен настан. На дијалог меѓу Стоби и Петар Хаџи Бошков. Се вкрстуваат цивилизации и епохи. Модерната е внесена во античкиот град. Сигурно имаат што да си кажат. Овој храбар уметнички предизвик не е само атрактивно случување за афирмација на локалитетот или на модерната во македонската уметност. Овој проект е и рефлексија на современата ангажирана уметност, која е свртена кон актуелните општествени текови. Она што особено ме радува е што изложбата, на креативен начин, го реактуализира прашањето за местото на модерната денес“.

Иницијативата за реализација на проектот е на Спасе Перовски, директор на НУ Стоби – Градско, како дел од долгорочната проектна програма „Стоби – жив град“.

Отворањето на изложбата на дела од скулпторот Петар Хаџи Бошков поставени во археолошкиот локалитет Стоби беше убав и навистина редок настан. Практично од каде дојде иницијативата за изложба од таков тип?

– Идејата потекнува од самата програма „Стоби – жив град“, со која аплицирав во Министерството за култура на конкурсот за директор во Стоби. И не само тоа, идејата е во Стоби, покрај основната дејност археологија и конзервација, кои припаѓаат во секторот заштита, да се случуваат и други настани од областа на културата што имаат висок степен на културна вредност. Впрочем, како што е и Стоби. На висока заштитена вредност од прва категорија на заштита, одговара исклучиво висока културна вредност од современата доба. Дигнитетот и статусот на Стоби не смее да се наруши. Стоби треба да продуцира исклучиво висока културна вредност.

Насловот на изложбата „Откривање на иднината: Археологија на модерноста“ укажува дека станува збор за поширок концепт на презентација на античката, но и на модерната уметност. Со каква цел?

– Тоа движење од античката до современата култура и уметност го содржи и самата ети-

мологија на зборот култура (лат. *colere*), значи продолжува, одгледува, штити, во овој случај високи културни вредности. Културата денес исто толку силно како и тогаш има високо поставени цели. Исклучителната вредност на Стоби треба да продуцира само исклучителна современа вредност. Стоби треба да биде репер, точка од која нема враќање назад. Колку повеќе успееме да ја доближиме таа вредност до современиот човек, толку повеќе сме успеале во намерата.

Во најавата на изложбата го спомнавте проектот „Стоби – жив град". За каков проект станува збор?

– Токму крајот на претходниот одговор го објаснува ова движење од современото кон античкото, или обратно. „Стоби – жив град" ја има за цел оваа релација на висока културна вредност, која треба да се примени не само декларативно туку и суштински да се живее, а со тоа и да навлезе во повеќе аспекти на денешното живеење, од образование, социјална заштита, одбрана, внатрешни работи и така натаму. Културата, сепак, опфаќа голем спектар на современото живеење денес и навлегува длабоко во сите општествени сфери.

Колку основањето на посебната Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско, практично овозможи со локалитетот да се менаџира на поинаков и посовремен начин?

– Тоа е најважниот дел, мислам дека НУ Стоби е класичен пример за успешно управување во културата. Парцијалното менаџирање или фрагментирано во рамки на националните и локални институции од областа на културата во секоја насока придонесува за појасно и понепосредно гледање и делување. Не може Министерството за култура да преземе одреден чекор без за тоа да ја консултира и почитува таа локална или максимално непосредна околина. Тие луѓе што секојдневно имаат однос со културата во својот делокруг и живеат со тоа. Министерството само треба да делува во рамките на тие микроидеи и потреби. Така сликата ќе биде појасна и резултатите поуспешни.

Дали изложбата со дела од Петар Хаџи Бошков веќе ви дава поттик и за други настани од овој тип?

– Секако, и не само во таа област. Сметам дека проширувањето на делувањето во различните области во културата ќе ја доближи културната вредност до сите граѓани. Во овој контекст сметам дека сите институции од областа на културата треба да делуваат синергично и со заедничка цел, а тоа е пласирањето високи културни вредности. Со тоа стручните работници во културата би излегле од нивниот конформизам и заедно би ги вкусиле плодовите од таа работа. Во контекст на ова прашање би најавил дека се подготвуваме за голем проект следната година. Денови во чест на Јован од Стоби, една исклучително важна личност што живеела во Стоби. Личност преку која античката филозофска мисла е распространета во повеќе области, како и делови од античките драми стигнале до денешниот современ човек, и тоа не само тука, туку во целиот свет.

Каква е посетеноста на локалитетот при вообичаените услови за работа, без дополнителни настани?

– За да добиете поголема посетеност на локалитетот, а со тоа и поголема непосредност до публиката, треба да ја анимирате јавноста. Археологијата и конзервацијата во секторот заштита е стручна и во рамки на науката. Ако го правите само тоа, тогаш ќе ја имате само стручната фела што ги разработува аспектите на областа и нивните контексти. Без презентација како крајна цел имате простор за делување само во областа и кај посветените стручни лица. За посетеност на локалитетот има многу други аспекти и токму тие се моја цел. За жал, во овие две години, во време на кризата со ковид-19, како и секаде, се јавува проблем со посетеност, за разлика од годината пред кризата кога имаше дваесет и неколку илјади посетители. Стоби е златната белегзија на нашата држава и тоа треба да се споделува. Ме радува поддршката и разбирањето од државата и сметам дека нема пречки да продолжи дури и посилно, а со тоа стабилно да чекориме кон семејството на УНЕСКО.

Минатата година промовиравте и апликација за виртуелна посета и следење гладијаторски борби во античкото Стоби. Какви се плановите околу користењето на модерните технологии во ширење на можностите за презентација на локалитетот?

– Покрај виртуелната реалност во театарот во Стоби, која веќе е во употреба, се трудиме да ги вклучиме модерните технологии во презентација на културното наследство, кои се широко распространети. Можностите што ги нудат овие технологии се големи, а во НУ Стоби се трудиме да ги следиме трендовите на презентација. Минатата година добивме грант од Европската комисија, во рамки на Проектот за соработка и дисеминација преку имерзивно раскажување на културното наследство во Западен Балкан, со вкупна сума од 41 071 евра. Годинава почнавме да работиме со динамика за целосна реализација заклучно со 31 декември 2022. Во моментов, во рамките на кооперативниот проект „Имерсиум“, се работи на изработка на ново искуство со употреба на аугментативна реалност. Резултатот од проектот ќе биде ставен во употреба на почетокот на 2023 година.

Какви активности имате во однос на вашата основна дејност за истражување, реставрација, заштита и конзервација на наодите на локалитетот?

– Годишната програма за финансирање на локалитетот од страна на Министерството за култура е доволен показател за интересот и поддршката на Стоби. Јас работам заедно со тимот на Стоби, а сè со цел да се обезбедат континуитет и релевантни резултати во областа. Од вкупно седумнаесет проекти што се финансираат од Министерството за култура како капитални би ги издвоил: археолошки доистражувања и конзервација во театарот во Стоби, истражувањата и конзервацијата на југозападниот бедем со старата римска порта, потоа истражувања и конзервација на делови од полукружниот плоштад. Секако,

откривањето на мозаикот што е во склоп на градбата со арки и самата градба со арки, која има многу податни информации за римското живеење на градот. Тука е и конзервацијата на движното културно наследство, со што целосно го затвораме процесот на заштитата. Недостасува презентацијата затоа што во Стоби нема музеј, но скоро потпишавме договор во рамки на ИПА-програмата за меѓугранична соработка со Килкис од Република Грција и со тоа ги правиме првите чекори во таа насока.

Стоби е најголемиот и најистражуваниот локалитет во нашата држава. Колку тие факти се предизвик за раководење, но и за понатамошни истражувања на Стоби?

– Точно е дека Стоби е најголемиот и најистражуваниот локалитет во државава. Со Годишната програма за финансирање на Стоби, истражувањата продолжуваат во нагорна линија. Стоби има стопроцентна реализација на Програмата благодарение на тимот што работи во Стоби и тоа треба да се поддржи во секоја насока, без оглед колку години се потребни во иднина за истражување и конзервација. Има простор за да продолжат истражувањата и конзервацијата. Ќе спомнам само еден, а тоа е фактот дека градот продолжувал од другата страна на реката Вардар (Аксиос), простор што припаѓа на денешниот воен полигон Криволак. Неколкугодишните рекогносцирања го утврдија овој факт, а државата, односно институциите, полека помагаат да бидат преземени сите чекори за овој простор да биде ставен под заштита.

Раководењето на Стоби ми претставува исклучително задоволство, но и напор, бидејќи е голем делокругот на дејствување. Благодарение на тимот во институцијата сум оптимист за идната работа. Како круна на нашата работа, би сакал да најавам дека на 30-ти овој месец, во 12 часот, ќе имаме официјална презентација на Генералниот план за заштита на локалитетот поддржан од американскиот „Фонд Џ.М. Каплан“ со грант од 100 000 долари. Овој план треба да ги утврди насоките на делување во Стоби.

(Интервјуто е објавено во „Културен печат“ број 98, во печатеното издание на весникот „Слободен печат“ на 25-26 септември 2021).